## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

**3937.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) министерот за јавна администрација во согласност со министерот за односи меѓу заедниците, донесе

### М Е Т О Д О Л О Г И Ј А ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊАТА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Со оваа методологија се пропишува планирањето на вработувањата во јавниот сектор, како и формата и содржината на образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Член 2

(1) Годишниот план за вработување (во натамошниот текст: годишниот план) содржи насловна страна и четири дела, и тоа:

- Дел 1. Тековна состојба на вработените во институцијата,
- Дел 2. Планирани движења на вработените во институцијата во следната година,
- Дел 3. Планирано намалување на вработените во институцијата во следната година и
- Дел 4. Планирано зголемување на вработените во институцијата во следната година (нови вработувања).

(2) Годишниот план се изготвува на Образец во А4 формат, кој е даден во Прилог бр.1 и е составен дел на оваа методологија.

Член 3

Насловната страна на годишниот план содржи податоци за: архивски број на годишниот план на институцијата и датум на донесување; назив на институцијата; година на која се однесува; ЕМБС на институцијата; ЕДБ на институцијата; датум на подготовка; име, презиме и потпис на вработениот кој го подготвил планот; име, презиме и потпис на вработениот кој го одобрил планот; и име, презиме и потпис на раководното лице на институцијата.

Член 4

Делот 1. Тековна состојба на вработените во институцијата, се прикажува во Табела 1 - Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата, во која се внесуваат податоци за:

- вкупниот број на вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план);
- вкупниот број на вработени административни службеници;
- вкупниот број на вработени овластени службени лица;
- вкупниот број на вработени даватели на услуги (носители на дејност) и
- вкупниот број на вработени помошно технички лица.

Член 5

(1) Делот 2. Планирани движења на вработените во институцијата во следната година, се прикажува во две табели, и тоа во:

- Табела 1. - Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност) и
- Табела 2. - Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година.

(2) Табелата 1 од делот 2 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за потребата од пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година;
- податок за вкупниот број на непополнети работни места за кои институцијата планира пополнување преку распоредување во рамките на институцијата и
- податоци за конкретните работни места за кои институцијата планира да ги пополни преку (пре)распоредување и тоа:

1. шифра и назив на работното место за кое се планира пополнување преку (пре)распоредување;
2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки се наоѓа работното место за кое се планира пополнување преку (пре)распоредување и
3. кратко образложение на причините за пополнување на работното место преку (пре)распоредување.

(3) Табелата 2 од делот 2 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за потребата од пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година;
- податок за вкупниот број на работни места за кои институцијата планира пополнување преку унапредување во рамките на институцијата и
- податоци за конкретните работни места за кои институцијата планира да ги пополни преку интерен оглас и тоа:

1. шифра и назив на работното место за кое се планира пополнување преку интерен оглас;

2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки се наоѓа работното место за кое се планира пополнување преку интерен оглас и

3. кратко образложение на причините за пополнување на работното место преку интерен оглас.

(4) Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување на годишниот план. Непополнетоста на полињата не претставува пречка за институцијата да ги реализира планираните движења во институцијата (хоризонтална мобилност и унапредување).

Член 6

(1) Делот 3. Планирано намалување на вработените во институцијата во следната година, се прикажува во три табели, и тоа:

- Табела 1. - Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање;

- Табела 2. - Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи и

- Табела 3. – Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година.

(2) Табелата 1 од делот 3 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за планирани пензионирања на вработени од институцијата заклучно со 31 декември следната година;

- податок за вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат (број на лица кои навршуваат 64 години) и

- податоци за конкретните работни места кои ќе се испразнат по основ на пензинирање, и тоа:

1. шифра и назив на работното место кое ќе се испразни по основ на пензионирање;

2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место кое ќе се испразни по основ на пензионирање и

3. датум на престанок на работниот однос по основ на заминување-пензионирање.

(3) Табелата 2 од делот 3 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за планирани заминувања на вработени од институцијата, по други основи заклучно со 31 декември следната година;

- податок за вкупниот број на вработени за кои се планира дека ќе заминат од институцијата и

- податоци за конкретните работни места кои ќе се испразнат по други основи, и тоа:

1. шифра и назив на работното место кое ќе се испразни;

2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место кое ќе се испразни;

3. основот на заминување (причината за престанок на работниот однос/ основот за престанок на работниот однос) и

4. датум на престанок на работниот однос.

(4) Табелата 3 од делот 3 содржи податоци за:

- вкупниот број на планирани заминувања во следната година (заклучно со 31 декември следната година).

- број на планирани заминувања на административни службеници;

- број на планирани заминувања на овластени службени лица;

- број на планирани заминувања на даватели на услуги (носители на дејност) и

- број на планирани заминувања на помошно технички лица.

(5) Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување на годишниот план. Непополнетоста на полињата не претставува пречка за институцијата да ги реализира планираните движења во институцијата (заминување од институцијата по други основи).

Член 7

(1) Делот 4. Планирано зголемување на вработените во институцијата во следната година (нови вработувања) се прикажува во четири табели, и тоа:

- Табела 1. - Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас;

- Табела 2. - Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања);

- Табела 3. - Планирано пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција) и

- Табела 4.- Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година.

(2) Табелата 1 од делот 4 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за потребата од нови вработувања на неопределено време во институцијата заклучно со 31 декември следната година;

- податок за вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време и

- податоци за конкретните работни места за кои институцијата планира пополнување со нови вработувања на неопределено време, и тоа:

1. шифра и назив на работното место за кое се планира пополнување со ново вработување на неопределено време;

2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место за кое се планира пополнување со ново вработување на неопределено време;

3. кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) и

4. износот на буџетот потребен за плата на новиот вработен во следната година (во денари).

(3) Табелата 2 од делот 4 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за потребата од нови вработувања на определено време во институцијата заклучно со 31 декември следната година;

- податок за вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време и

- податоци за конкретните работни места за кои институцијата планира пополнување со нови вработувања на определено време, и тоа:

1. шифра и назив на работното место за кое се планира пополнување со ново вработување на определено време;

2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место за кое се планира пополнување со ново вработување на определено време;

3. кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго);

4. број на месеци во следната година, за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен и

5. износот на буџетот потребен за плата на новиот вработен во следната година (во денари).

(4) Табелата 3 од делот 4 ги содржи следните податоци:

- податок (ДА/НЕ) за потребата од пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција), заклучно со 31 декември следната година;

- податок за вкупниот број на нови вработувања по пат на мобилност (преземање од друга институција) и

- податоци за конкретните работни места за кои институцијата планира пополнување по пат на мобилност (преку преземање од друга /и институција/и), и тоа:

1. шифра и назив на работното место за кое се планира пополнување по пат на мобилност (преземање од друга институција);

2. називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место за кое се планира пополнување по пат на мобилност (преземање од друга институција) и

3. кратко образложение на причините за пополнување на работното место по пат на мобилност (преземање од друга институција).

(5) Табелата 4 од делот 4 содржи податоци за:

- вкупниот број на планирани нови вработувања во следната година (заклучно со 31 декември следната година);

- број на планирани нови вработувања на административни службеници;

- број на планирани нови вработувања на овластени службени лица;

- број на планирани нови вработувања на даватели на услуги (носители на дејност) и

- број на планирани нови вработувања на помошно технички лица.

(6) Во Делот 4 Табелите 2 и 3 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување на годишниот план. Непополнетоста на полињата не претставува пречка за институцијата да ги реализира планираните движења во институцијата (вработување на определено време и преземање од друга институција).

Член 8

(1) Извештајот за реализација на Годишниот план за вработување (во натамошниот текст: извештајот) содржи насловна страна и три дела, и тоа:

- Дел 1. Реализирани движења на вработените во институцијата во полугодието,

- Дел 2. Реализирани намалувања на вработените во институцијата во полугодието и

- Дел 3. Реализирани зголемувања на вработените во институцијата во полугодието.

(2) Извештајот се изготвува на Образец во А4 формат, кој е даден во Прилог бр.2 и е составен дел на оваа методологија.

Член 9

Насловната страна на извештајот содржи податоци за: архивски број на извештајот и датум; архивскиот број на годишниот план за вработување на институцијата; назив на институцијата; година на која се однесува; ЕМБС на институцијата; за кој период се однесува (прво полугодие/второ полугодие); ЕДБ на институцијата; датум на подготовка; име, презиме и потпис на вработениот кој го подготвил извештајот; име, презиме и потпис на вработениот кој го одобрил извештајот; и име, презиме и потпис на раководното лице на институцијата.

Член 10

Делот 1. Реализирани движења на вработените во институцијата во полугодието, се прикажува во Табела 1 - Реализирани распоредувања и/или унапредувања во институцијата во полугодието, во која се внесуваат податоци за:

- шифра и назив на работното место од кое е реализирано распоредувањето и/или унапредувањето во полугодието во институцијата;

- називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место од кое е реализирано распоредувањето и/или унапредувањето во полугодието во институцијата;

- шифра и назив на работното место на кое е реализирано распоредувањето и/или унапредувањето во полугодието во институцијата;

- називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место на кое е реализирано распоредувањето и/или унапредувањето во полугодието во институцијата и

- вид на движење (распоредување на исто ниво или унапредување) и број на решение и датум.

Член 11

(1) Делот 2. Реализирани намалувања на вработените во институцијата во полугодието, се прикажува во две табели, и тоа:

- Табела 1 – Престаноци на работен однос во институцијата во полугодието (по работни места и причини) и

- Табела 2 - Реализирано намалување на вработените во институцијата во полугодието (вкупно и по групи).

(2) Во Табелата 1 од делот 2 се внесуваат податоци за:

- шифра и назив на работното место каде има престанок на работен однос;

- називот на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место каде има престанок на работен однос и

- причината за престанок на работниот однос, доколку работниот однос престанал по основ на пензионирање се наведува датумот на престанок, а доколку работниот однос престанал по друг основ се наведува причината за престанокот и датум на престанокот.

(3) Во Табела 2 од делот 2 се внесуваат податоци за:

- вкупен број на лица кои заминале од институцијата (пензионирање или по друг основ) во полугодието;

- број на административни службеници кои заминале од институцијата;

- број на овластени службени лица кои заминале од институцијата;

- број на даватели на услуги (носители на дејност) кои заминале од институцијата и

- број на помошно технички лица кои заминале од институцијата.

Член 12

(1) Делот 3. Реализирани зголемувања на вработените во институцијата во полугодието, се прикажува во три табели, и тоа:

- Табела 1 – Реализирани нови вработувања во институцијата во полугодието (по работни места и вид на вработување);

- Табела 2 - Реализирани преземања од други институции во полугодието (по работни места) и

- Табела 3 - Реализирано зголемување на вработените во институцијата во полугодието (вкупно и по групи).

(2) Во Табела 1 од делот 3 се внесуваат податоци за:

- шифра и назив на работното место каде има ново вработување во полугодието;

- назив на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место каде има ново вработување;

- број на јавен оглас и датум;

- број на решение/договор за вработување и датум и

- видот на вработување (се наведува дали се работи за вработување на неопределено време или вработување на определено време-времено вработување).

(3) Во Табела 2 од делот 3 се внесуваат податоци за:

- шифра и назив на работното место на кое е реализирано преземањето од други институции во полугодието;

- назив на организационата единица (Сектор/Служба) во чии рамки е работното место на кое е реализирано преземањето од други институции во полугодието и

- број на согласноста за преземање и датум.

(4) Во Табелата 3 од делот 3 се внесуваат податоци за:

- вкупен број на лица кои се вработиле (по јавен оглас или преземање) во институцијата во полугодието;

- број на административни службеници кои се вработиле (по јавен оглас или преземање) во институцијата во полугодието;

- број на овластени службени лица кои се вработиле (по јавен оглас или преземање) во институцијата во полугодието;

- број на даватели на услуги (носители на дејност) кои се вработиле (по јавен оглас или преземање) во институцијата во полугодието и

- број на помошно технички лица кои се вработиле (по јавен оглас или преземање) во институцијата во полугодието.

Член 13

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-552/3 | Бр. 15-2072/3 |
| 4 ноември 2024 година | 4 ноември 2024 година |
| Скопје | Скопје |
| Министер за односи меѓу заедниците, | Министер за јавна администрација, |
| **Иван Стоилковиќ, с.р.** | **Горан Минчев, с.р.** |

**Прилог бр.1**

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | |
| ЗА ГОДИНА: | |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | | ____________________ |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | | ____________________ |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | | ____________________ ____________________ |

## ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

***Табела 1.*** *Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени Службени лица | Даватели на Услуги (носители на дејност | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број вработени во институцијата** (на датумот на пополнување на годишниот план) | | | | | |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.** Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност)*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување: | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година**

| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

* ***Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување***

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** *Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година?*(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат: *(наведете број на лица кои навршуваат 64 години)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање: | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Основ на заминување-пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

***Табела 2.** Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи**[*]

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали се планирани заминувања на вработени од вашата институција по други основи заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе заминат од институцијата: *(планираниот број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по други основи: | | | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Друг основ на заминување: (наведете ја причината/основот за престанок на работниот однос) | датум на престанок на работниот однос | |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

[*] ***Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

***Табела 3.*** *Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Админстративни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Пом ошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани заминувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | | | | | |

## ДЕЛ 4. ПЛАНИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА (НОВИ ВРАБОТУВАЊА)

***Табела 1.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас*

<table>
<tr><td colspan="4">Дали имате потреба од нови вработувања на неопределено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? (заокружете)</td><td>ДА</td><td>НЕ</td></tr>
<tr><td colspan="5">Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време:<br>(наведете број)</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време:</td></tr>
<tr><td>р.бр</td><td>работно место (шифра и назив)</td><td>Организациона единица (Сектор/Служба)</td><td><u>Кратко образложение на причините</u><br>(зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго)</td><td colspan="2">Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година<br>(наведете во денари)</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>4.</td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>5.</td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

***Табела 2.** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: *(наведете број)* | | | | | |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време: | | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | <u>Кратко образложение на причините</u> (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број) | Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари) |
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |

***Табела 3.** Планирано пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција)**

| Дали планирате пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција), заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на нови вработувања по пат на мобилност (преземање од друга институција): *(наведете број)* | | | | |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните по пат на мобилност (преку преземање од друга/и институција/и): | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

* ***Во Делот 4 Табелите 2 и 3 институциите ги пополнуваат само доколку располегаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

***Табела 4.*** *Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | | | | | |

**Прилог бр. 2**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ БР И ДАТУМ.: | |
| ЗА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ БР.: | |
| НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ЗА ГОДИНА: | |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ЗА ПЕРИОД: | Заокружете: Прво полугодие (Јануари - Јуни) Второ полугодие (Јули – Декември) |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил: | | ____________________ |
| Одобрил: | | ____________________ |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:** | | ____________________ |

## ДЕЛ 1. РЕАЛИЗИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО ПОЛУГОДИЕТО

***Табела 1.*** *Реализирани распоредувања и/или унапредувања во институцијата во полугодието*

| Р.бр. | од работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | на работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Вид на движење (распоредување/унапредување) и број на решение идатум |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |

## ДЕЛ 2. РЕАЛИЗИРАНИ НАМАЛУВАЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО ПОЛУГОДИЕТО

***Табела 1.*** *Престаноци на работен однос во институцијата во полугодието (по работни места и причини)*

| Р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | причина 1: пензионирање (наведете го датумот на престанок) | причина 2: друг основ на престанок (наведете ја причината за престанокот и датум на престанокот) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |

***Табела 2.*** *Реализирано намалување на вработените во институцијата во полугодието (вкупно и по групи)*

| Опис | ВКУПНО | Админстративни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на лица кои заминале од институцијата (пензионирање или по друг основ) во полугодието** ((да се наведе период - полугодието во тековната година) | | | | | |

## ДЕЛ 3. РЕАЛИЗИРАНИ ЗГОЛЕМУВАЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО ПОЛУГОДИЕТО

***Табела 1.*** *Реализирани нови вработувања во институцијата во полугодието (по работни места и вид на вработување)*

| Р.бр. | Работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Број на јавен оглас/датум | Број на Решение/Договор за вработување и датум | Вид на вработување | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Неопределено време | Определено време (времено вработување) |
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |

***Табела 2.*** *Реализирани преземања од други институции во полугодието (по работни места)*

| Р.бр. | работно место на кое се презема (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Број на согласност за преземање и датум |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |

***Табела 3.*** *Реализирано зголемување на вработените во институцијата во полугодието (вкупно и по групи)*

| Опис | ВКУПНО | Админстративни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на лица кои се вработиле (јавен оглас, преземање) во институцијата во полугодието (да се наведе период - полугодието во тековната година) | | | | | |